**20242233915**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став 1 точка2, член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 34 став 1 алинеја 7, член 69 и член 70 став 1 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“, („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 22 октомври 2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО И НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и начин на плаќање и постапка за остварување на правото и на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 5/2024 година), во членот 10 ставот 1 се менува и гласи:

„Здравствената установа ги фактурира здравствените услуги по цени на пакети за завршени здравствени услуги за БПО, согласно со утврдените протоколи.“

По ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4 кои гласат:

„При постоење медицинска индикација за привремено прекинување на постапката која може да продолжи, до Фондот се фактурираат извршените здравствени услуги, по целосно завршување на постапката, со приложување соодветно медицинско образложение.

При постоење медицинска индикација за неможност за целосно завршување на постапката, до Фондот се фактурираат здравствените услуги за фазата од протоколот во која завршила БПО постапката, со приложување соодветно медицинско образложение.

Фактурирањето на здравствените услуги од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се врши за месецот во кој се завршени здравствените услуги за БПО“.

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 5 и 6.

Член 2

Во член 19 во ставот 3 точката 4 се брише.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Податоците за претходно искористено право на БПО, како и податоците за здравственото осигурување и за бројот на членовите на семејство (деца родени во брак или вон брак) на подносителот на барањето, Фондот ги обезбедува по службена должност“.

Член 3

Во член 21 во ставот 1 зборовите „на пропишан образец Известување (И-БПО)“, се бришат.

Член 4

Во член 22 ставот 2 се менува и гласи:

„Осигуреното лице треба да ја започне постапката за БПО во соодветната здравствена установа во период од шест месеци од приемот на известувањето.“

Член 5

Во член 23 точката Е се менува и гласи:

„Дополнителна документација за остварување право на БПО за полнолетни и деловно способни жени кои не се во брак:

- Потврди за неодземена деловна способност и неодземено родителско право - издадени од надлежениот основен суд;
- Потврда за неосудуваност - издадена од надлежен кривичен суд и
- Потврда за способност за родителска грижа - издадена од надлежниот центар за социјални работи.“

Член 6

Членот 24 се менува и гласи:

“Во зависност од медицинската документација и стручното мислење на Комисијата за БПО, се издава известување за остварување на правото на БПО за еден од следните протоколи:

1. Стандарден протокол за БПО
2. Протокол за БПО со криопрезервирани јајце-клетки (сопствени или донорски)
3. Протокол за БПО со криопрезервирани сперматозоиди (сопствени или донорски)
4. Протокол за БПО со ембриотрансфер на криопрезервирани ембриони (сопствени или донорски)
5. Протокол за БПО со гестациски носител

Протоколот за БПО со криопрезервирани јајце-клетки (сопствени или донорски) може да се употреби и за БПО постапки кога покрај криопрезервирани јајце-клетки (сопствени или донорски) се користат и криопрезервирани сперматозоиди (сопствени или донорски).“

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23322/5
24 октомври 2024 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.